Република Македонија
**ОПШТИНА ДОЛНЕНИ**
Локална самоуправа

**П О С Т А П К А**
**за**

# ИЗДАВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ПРОМЕНА НА ГРАДИТЕЛ

Решението за промена на градител се издава исклучиво во текот на градењето.

Деловите од процедурите кои се испечатени со закосени букви означуваат документ или услуга кои не се издаваат, односно даваат во општината

1. Се поднесува:

- Барање (го печати општината на лице место... за физичко лице: пожелно е да се носи лична карта.... за правно лице: документ со наведен ЕДБ на фирмата),
- Платена уплатница за административни такси (општината Ве информира за жиро сметката, назнаката на уплатата и сумата која треба да се уплати),
- Решение за локациски услови,
- Одобрение за градење,
- *Доказ за стекнато право на градење (Имотен лист или Поседовен лист и Документ со кој е стекната сопственост врз имотот; Имотниот и поседовниот лист ги издава катастарот), и*
- Согласност од другите носители на правото на градење (нотарски заверени; само во случај кога правото на градење-сопственоста врз градежната парцела е поделена на две или повеќе физички или правни лица).

2. Општината го контактира барателот, договара и врши Увид на лице место.

3. Општината издава на барателот:

- Решение за промена на градител во 4 примероци, и
- 1 примерок од записникот за извршен увид на лице место.

Законски рок за издавање на Решение за промена на градител е **1 месец** од денот на предавање на уредното барање. Доколку предметот не е решен во овој законски рок, барателот може да поднесе Жалба до општината.